РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 10-1826/2
29.07 2025 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Здружение Центар за еднаквост и правда, ул. Вич 22, Скопје со број 10-1826/1 од 18.07.2025 година, **Градоначалникот на Општина Ресен** го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од барателот Здружение Центар за еднаквост и правда, ул. Вич 22, Скопје со број 10-1826/1 од 18.07.2025 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Здружение Центар за еднаквост и правда, преку елекртронската пошта на Општина Ресен поднесе барање информации од јавен карактер на ден 18.07.2025 година заверено под број 10-1826/1 со кое побара преку електронска пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација: Дали општината обезбедува еднократна парична помош за новороденче, доколку да колку износ; Еднократна парична помош за второ дете, ако да колку е висина на износ; Еднократна парична помош за трето дете, ако да колку е висина на износ; Вкупен број на градинки и клонови на градински и колкав е капацитетот за згрижувањена деца според возраст; Вкупно деца здрижени во градинките разделени според возраст; Колкав е месечниот надоместок за згрижување во градинка; кои категории на родители/старатерли се ослободени од плаќање месечен надоместок во градинка, ако да кои категории; Дали општината обезбедува хигиенски материјали(марамчиња, брисачи) за потребите на градинките; Дали општината обезбедува хигиенски материјали (марамчиња, брисачи) за потребите на основните училишта; Дали во основните училишта во општината се задолжителни училишните униформи за учениците, ако да дали општината плаќа за униформите; Дали општината предвидува финансиска поддршка за одредени категории семејства кои се во социјален ризик , доколку да колку изнесува финансиската поддршка; Дали општината предвидува одредени финансиски субвенции за грижа на деца кои не можаат да се вклучат во државните градинки; Дали општината предвидува финансиска поддршка за родителите на деца со попреченост, ако да каков тип на поддршка и колкав износ; Дали општината предвидува некакви мерки за поддршка на родителите на деца со попреченост; Дали општината предвидува мерки за економско јакнење на жени и нивно вклучување на пазарот на трудот.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве информира дека обезбедува еднократна парична помош за новороденчиња и тоа во износ од 10.000,00 денари; Општината не обезбедува еднократна парична помош за второ дете; исто така не обезбедува еднократна парична помош за трето

дете; ЈОУДГ „11 Септември“ Ресен единствена градинка со следниве објекти: централен објект(седиште), Објект „Јаболче“, објект 2 занимална во с. Јанковец во ООУ„Мите Богоевски“. Катацитет- Централен објект 117 деца, една хетерогена група до 2 години возраст -12 деца, пет групи од 2 до 6 години возраст -105 деца. Објект Јаболче капацитет 102 деца, една хетерогена група до 2год. возраст-12 деца, три групи од 2 до 6 год. возраст-60 деца, група за деца од 6 до 10 год. возраст -30 деца. Објект 2 капацитет 12 деца, една хетерогена група од 3 до 6год. возраст -12 деца; Вкупен број на деца згрижени во установата е 2017 додека по објекти и возраст, Централен објект 122 деца вкупно згрижени –една хетерогена група до 2 год. возраст 15 деца, пет групи од 2 до 6 год. возраст 107 деца. Објект Јаболче 92 деца вкупно згрижени, една хетерогена група до 2год. возраст 16 деца, три групи од 2 до 6 год. возраст 63 деца, група за деца од 6 до 10 год. возраст 13 деца. Објект 2 една занимална во с. Јанковец 3 деца, една група од 3 до 6 год возраст 3 деца. Напомена Бројот на згрижени деца е со состојба на ден 30.06.2025г; Месечен надоместок за згрижување на дете е 1490 денари додека во една хетерогена група за полудневен престој во Објект 2 за згрижување на дете е 599 денари; Нема ослободени категории на родители/старатели од плаќање месечен надоместок; Општината не обезбедува хигиенски материјал за потребите на градинките; Општината не обезбедува хигиенски материјал за потребите на основните училишта; Училишните униформи во основните училишта во општината не е задолжително и униформите не ги плаќа општината; Општината не предвидува финансиска поддршка на категории на семејства во социјален ризик; Општината не предвидува финансиски субвенции за грижа на деца; Општината не предвидува финансиска поддршка за деца со попреченост; Општината не предвидува мерки за поддршка на родителите за деца со попреченост; Општината не предвидува мерки за економско јакнење на жени и нивно вклучување на пазарот на трудот.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН РЕСЕН